РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2183/6
03-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2183/1 од 10.06.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Управен и Надзорен одбор во ЈПКД ------------ -.--------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што е променета фактичката состојба за предметниот случај и во тек е постапка пред друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2183/1 од 10.06.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 10.06.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Управен и Надзорен одбор во ЈПКД ------------ -.-------------- по јавен оглас број --/-- од 13.03.2026 година објавен од општина ---------- и оформен е предмет број 12-2183/1 од 10.06.2026 година.
Подносителот на пријавата бил едниствен учесник во предметната постапка и не е задоволен од истата поради тоа што смета дека тој ги исполнувал сите пропишани услови за избор и дека нему како учесник му била нанесена директна штета.
Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државниот управен инспекторат да изврши надзор во предметното јавно претријатие по однос на пријавените наводи и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација. Воедно, за случајот е побарано произнесување од Општина -----------.

По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е следното:

Државниот управен инспекторат постапил по пријава која ги содржи истите предметни наводи и оформил предмет број ИП1 БР. 20-854 од 11.06.2026 година кој бил предаден на работа кај овластен управен инспектор. При надзорот, по извршениот увид во доставената иницијатива и по извршена анализа на законските надлежности, управниот инспектор констатирал дена не е надлежен да постапува за случајот. Со оглед на констатираното, а имајќи ги во предвид законските одредби кои се однесуваат на предметната област, Државниот управен инспекторат иницијативата/пријавата ја доставил на надлежност на Државниот инспекторат за локална самоуправа за понатамошно постапување.

Општина -----------, по завршувањето на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈПКД ------------- -.----------------, изготвила Записник број 02-390/2 од 23.3.2026 година во кој било констатирано дека со бројот на пријавени кандидати не биле обезбедени потребните услови за спроведување на постапката за избор на Управен одбор во состав утврден со закон. Записникот бил доставен до Советот на општината кој на седница одржана на ден 30.06.2026 година донел Одлука број -- - -----/-- од 30.06.2026 година за поништување на Јавниот повик за пријавување интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈКДП ------------- -.---------------. На истата седница, Советот на предметната општина донел Одлука број -- - ---/-- од 30.06.2026 година за распишување на нов Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на ЈКДП ------------- -.---------------.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е променета фактичката состојба поради поништување на предметниот јавен повик на 30.06.2026 година и отпочнување на нова постапка за избор избор на членови во Управен одбор на предметното јавно комунално претпријатие со донесување на одлука за распишување на нов јавен повик. Воедно за случајот во тек е постапка пред надлежен инспекциски орга. По однос на наводите за нанесување на директна штета на подносителот на пријавата, ДКСК констатира дека се работи за повреда на индивидуално право кое подносителот можел да го оствари во постапка по жалба за која друг орган е надлежен да постапува.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar

Доставено до: Подносителот на пријавата